III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1069
27 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2198.**

Врз основа на член 24 став 10 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/06 и 63/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.2007 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ, НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ, НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се уредува постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност.

### II. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

#### 1. Постапка за донесување на решението за овластување кое е во надлежност на Министерството за економија

Член 2

Правното лице кое е заинтересирано да добие решение за овластување за вршење на оцена на сообразност до Министерството за економија, поднесува писмено барање.

Барањето за добивање на решение ги содржи следните податоци:

1. назив и седиште на правното лице;
2. единствен матичен број на правното лице и даночен број;
3. број на вработен стручен кадар и
4. опис на обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице.

Содржината на барањето за добивање на решение, Министерството за економија, заради полесно спроведување на постапката го објавува на својата веб страница, односно истото правно лице може да го подигне од неговите службени простории.

Член 3

Кон барањето за добивање на решение од член 2 на оваа уредба, правното лице ја приложува следната документација:

1. доказ за упис во Централниот регистер со регистрирана дејност за вршење на услуги за оцена на сообразност;
2. копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правното лице согласно техничкиот пропис од соодветната област;
3. доказ за техничка опременост или договор заверен на нотар за користење на техничката опрема со важност од најмалку четири години;
4. доказ дека има склучено договор за осигурување од професионална одговорност;
5. доказ за позитивен бонитет, а за правното лице кое е новоосновано изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци сметано од денот на издавањето на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, ќе достави доказ за позитивен бонитет и
6. копија од сертификатот за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, заверена кај нотар.

Член 4

По приемот на барањето и документацијата се утврдува исполнетоста на условите за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност согласно Законот за безбедност на производите и техничките прописи и доколку истите се исполнети, се издава решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност за 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 5

Доколку правното лице изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите утврдени во член 24 ставови 1 и 3 од Законот за безбедност на производи или кој било услов утврден со техничкиот пропис, правното лице за тоа го известува Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

По добивање на известувањето од став 1 на овој член, од страна на Министерството за економија се утврдува дали правното лице и понатаму ги исполнува условите да биде овластено за вршење на оцена на сообразност и доколку истите се исполнети се издава решение за продолжување на рокот на важење на решението за овластување или доколку престанало да ги исполнува условите, се издава решение за укинување на решението за овластување.

Решенијата од став 2 на овој член се издаваат за 15 дена од денот на приемот на известувањето.

#### 2. Постапка за донесување на решението за овластување по претходна согласност на државните органи и институции

Член 6

Правното лице кое е заинтересирано да добие решение за овластување за вршење на оцена на сообразност до државниот орган или институција во чија надлежност е давањето на претходна согласност за донесување на решението, поднесува писмено барање.

Барањето за добивање на решение од став 1 на овој член ги содржи податоците наведени во член 2 став 2 на оваа уредба.

Содржината на барањето за добивање на решение, државниот орган или институцијата од став 1 на овој член, заради полесно спроведување на постапката ги објавуваат на својата веб страница, односно истото правно лице може да го подигне од нивните службени простории.

Кон барањето за добивање на решение од став 1 на овој член, правното лице ја приложува и документацијата наведена во член 3 на оваа уредба.

Член 7

По приемот на барањето и документацијата се утврдува исполнетоста на условите за издавање на решение за овластување на правното лице за вршење на оцена

на сообразност согласно Законот за безбедност на производите и техничките прописи и доколку истите се исполнети, се дава согласност од страна државниот орган или институцијата за негово донесување за осум дена од денот на приемот на барањето.

Согласноста од став 2 на овој член, државниот орган или институцијата веднаш ја доставуваат до Министерството за економија во писмена форма заедно со барањето и придружната документација.

По добивањето на согласноста, од страна на министерот за економија се донесува решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност за седум дена од денот на приемот на согласноста.

Член 8

Доколку правното лице изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите утврдени во член 24 ставови 1 и 3 од Законот за безбедност на производи или кој било услов утврден со техничкиот пропис, правното лице за тоа го известува државниот орган или институцијата кои дале претходна согласност за издавање на решението најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

Во случајот од став 1 на овој член, државниот орган или институцијата писмено го известуваат Министерството за економија за настанатите промени во условите за вршење на оцена на сообразност од страна на правното лице.

По добивање на известувањето од став 2 на овој член, од страна на министерот за економија се донесува решение за продолжување на рокот на важење на решението за овластување или за негово укинување за 15 дена од денот на приемот на известувањето.

## III. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

Член 9

Во случај кога е донесено решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, Министерството за економија писмено го известува државниот орган или институцијата кои дале претходна согласност за издавање на решението.

Член 10

Министерството за економија веднаш го доставува до правното лице донесеното решение за негово овластување за вршење на оцена на сообразност.

Член 11

Министерството за економија на својата веб страница ги објавува сите донесени решенија за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност.

## IV. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 12

За донесеното решение за укинување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, Министерството за економија писмено го известува правното лице кое било овластено со решението.

Во случај кога решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност е донесено по претходна согласност од државен орган или институција, Министерството за економија писмено го известува и државниот орган или институцијата за донесеното решение за негово укинување.

Член 13

Министерството за економија на својата веб страница ги објавува сите донесени решенија за укинување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност.

## V. ФОРМА И СОДРЖИНА НА РЕГИСТАРОТ НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

Член 14

Регистарот на телата за оцена на сообразност се води во укоричена книга со димензии 450 x 300 мм кој се состои од евиденциски листови.

На насловната страна на Регистарот на телата за оцена на сообразност во левиот горен агол е отпечатен текст напишан со големи црни букви "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под него "МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА". Во средината на насловната страна е отпечатен текст напишан со големи црни букви " РЕГИСТАР НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ ".

Член 15

Евиденцискиот лист од Регистарот на телата за оцена на сообразност ги содржи следните рубрики:

- реден број;
- архивски број и датум на поднесување на барањето за добивање на решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност;
- назив на подносителот на барањето;
- единствен матичен број на правното лице и даночен број;
- седиште, адреса и општина;
- регистарски број и датум на уписот;
- број и датум на претходно добиената согласност од државниот орган или институцијата во чија надлежност е донесувањето на техничкиот пропис;
- број и датум на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност;
- број и датум на решението за укинување на решението за овластување и
- забелешка.

Регистарот на телата за оцена на сообразност е даден во Прилог бр.1 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 16

Во евиденцискиот лист од Регистарот на телата за оцена на сообразност се внесуваат податоците од член 15 на оваа уредба, како и сите промени што ќе настанат по извршеното запишување.

Член 17

Секој евиденциски лист од Регистарот на телата за оцена на сообразност има реден број напишан со арапски броеви со растечка големина. Пред почетокот на водењето на Регистарот на телата за оцена на сообразност на последниот евиденциски лист, се забележува вкупниот број на листовите што ги содржи регистарот и се заверуваат со печат на Министерството за економија и потпис на овластеното лице што го води регистерот.

Член 18

Регистарот на телата за оцена на сообразност се води во пишана и електронска форма.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 19

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-7172/1
21 декември 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.

## ПРИЛОГ 1

# РЕГИСТЕР НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

Евиденциски лист од регистарот

| Ред. број | Архивски број и датум на поднесување на барањето за добивање на решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност | Назив на подносителот на барањето | Единствен матичен број на правното лице и даночен број | Седиште, адреса и општина | Регистарски број и датум на уписот | Број и датум на претходно добиената согласност од државниот орган или институцијата во чија надлежност е донесувањето на техничкиот пропис | Број и датум на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност | Број и датум на решението за укинување на решението за овластување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |